РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
03-177[illegible]
15.04.2026 година
СКОПЈЕ - SHKUP

# Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| Изработил (име, презиме и функција) | Емилија Петреска - Камењарова, помошничка - раководителка на Секторот за програмски работи (координаторка)<br>Сашо Богдановски, раководител на Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи (заменик-координатор) |
| Период на известување | 01.01. - 31.12.2025 година |
| Дата на поднесување на извештајот | 15.04.2026 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

Дата, 15.04.2026

Име и презиме д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Потпис

(Одговорно лице во органот на државна управа)

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

________________________

Име Презиме (раководител на Сектор за еднакви можности)

Потпис

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)

А) Позитивни

~~Б) Охрабрувачки~~

В) Програмски

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Со истражувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за родот во медиумите во 2024 година, беше опфатена програмата емитувана на националните телевизии во ударното време, што е прво вакво истражување.

Наодите од анализата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии" беа презентирани на вториот јавен состанок на АВМУ за 2025. Во анализата беа опфатени содржините емитувани на телевизиските програмски сервиси МРТ 1, МРТ 2, Алсат – М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма во периодот од 9 до 22 септември 2024 година. Во фокусот на ова истражување беа содржините што се емитуваа непосредно по завршувањето на централните вести на овие телевизии, бидејќи токму тие програми привлекуваат најголем број гледачи и соодветно на тоа имаат значително влијание врз формирањето на ставовите и перцепциите на јавноста.

Резултатите од анализата покажаа дека во ударните термини на телевизиите најмногу се емитуваа серии и серијали (45%), по што следуваа информативните емисии со 24% и играните филмови со 22%, а најмалку застапени беа документарните програми со 5% како и хумористичните и музичките програми со по 2%. Онаму каде што доминираа серијалите од турска продукција, жените на екранот беа подолго прикажани отколку мажите (во 52% од времето на екранот и исто толку во времето поминато во говорот), а во сите останати содржини, процентот на времето во кое мажите се прикажуваа на екранот беше многу поголем од процентот на жени.

Во повеќето анализирани содржини, објективизацијата и сексуализацијата на жените беше минимална или отсутна, што е позитивен знак за почит кон родовата еднаквост. Во некои емисии, особено во информативните програми, забележани беа обиди за користење родово сензитивен јазик, што претставува позитивен чекор кон инклузивноста. Родово стереотипниот јазик се јавуваше поретко, додека најчесто се користеше неутрален јазик во речиси сите типови на програмски содржини. Анализата е достапна на посебната веб страница на АВМУ https://rodotimediumite.mk/.

Во текот на 2025 година беше направена подготовка за новата годишна анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите која се спроведува врз примерок од платеното политичко рекламирање (ППР) што се емитуваше на комерцијалните телевизиски програмски сервиси на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс за време првиот круг од Локалните избори 2025, како и известувањето за изборниот процес во централните дневници на Првиот (МРТ 1) и Вториот програмски сервис (МРТ 2) на Јавниот радиодифузен сервис[1], во истиот период. Ова е првпат да се анализира ППР, додека Вестите беа анализирани и за време на Изборите во 2020 година, но заедно со дневноинформативните емисии, интервјуата и дебатите на изборни теми. Со оглед на тоа дека локалните избори подразбираат поголем број кандидат(к)и, имаше поголем обем ППР кое може да даде важен увид во тоа на каков начин кандидираните мажи и жени му беа претставени на гласачкото тело.

[1] На Јавниот сервис му е забрането да емитува ППР, па затоа таму беа анализирани вестите.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[2])**

Ваквиот тип на индикатори (количина на стоки или услуги, опфатени жени и мажи) не е неприменлив за анализите што ги изработуваме.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

Сите информации за активностите и настаните на АВМУ, како и на други субјекти, се наоѓаат на веб страницата што регулаторното тело ја финансира и администрира www.rodotimediumite.mk.

## 3. ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Во 2025 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и претходно, беше посветена на спроведувањето на активностите предвидени во рамки на Стратегијата 2022–2027, кои беа реализирани со внатрешни ресурси или преку редовни јавни набавки и со тоа обезбеди континуитет на својата пракса за подигнување на нивото на родовата еднаквост во медиумите.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Во Проценката за тригодишниот напредок и влијанието на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 е посочено дека кај резултатите 3.2.1 и 3.2.5, во кој се концентрирани активностите на АВМУ, има значителни напори во спроведувањето на стандарди и мерки за справување со овие проблеми, како и дека „Севкупната оценка на постигнувањата и достигнувањата во делот на медиуми е позитивен“.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

Да.

Пример за индикатори за родовата структура на сопственоста и вработените во радиодифузната индустрија во 2024 година:
Вкупно 98 ТВ и РА: 39 ТВ и 59 РА
Сопственици: 93 физички лица (69 мажи и 24 жени) и 19 правни лица
Вкупни податоци за сопственоста на ТВ и радио (РА):
68 ТВ и РА во сопственост на мажи
18 ТВ и РА во сопственост на жени
8 ТВ и РА во сопственост на жени и мажи

[2] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми и мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

4 РА во сопственост на непрофитни правни лица
Податоци за ТВ:
39 ТВ во сопственост на 10 правни лица и 34 физички лица (28 мажи и 6 жени) и тоа:
31 ТВ во сопственост на мажи: кај 24 мажите биле директни сопственици, а кај 7 ТВ - мажите биле сопственици на правните лица
2 ТВ во директна сопственост на жени
6 ТВ во сопственост на жени и мажи: 4 ТВ со директни сопственици/чки, а кај 2 ТВ, мажите и жените се јавуваат како сопственици/чки на правни лица
Податоци за РА:
59 РА во сопственост на 8 правни лица и 60 физички лица (42 мажи и 18 жени)
37 РА во сопственост на мажи (кај 33 РА мажите биле директни сопственици, а кај 4 РА мажите биле сопственици на правни лица)
16 РА во сопственост на жени (кај сите 16 РА жените биле директни сопственички)
2 РА во директна сопственост на жени и мажи
4 РА во сопственост на непрофитни установи.

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

Сите документи и прилози се достапни на веб страницата www.rodotimediumite.mk.

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Јавни состаноци: Презентациите на анализата "Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии" се одржаа во просториите на АВМУ. Редовно поканети на овие состаноци се социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите

Веб ресурсен центар: Одржувањето на страницата www.rodotimediumite.mk беше финансирано преку годишната јавна набавка за одржување на сите веб страници на Агенцијата. Содржината на страницата ја обезбедуваат вработени во АВМУ, а таа содржи и информации за социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите

Анализи и публикации: Печатено издание на анализата на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии во 2024 година, беше доставено до Собранието, а беше дистрибуирано и до социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите

16 Дена активизам против родово заснованото насилство: Од клучните наоди на анализата на родот и медиумите за 2024 година беше изработено кратко видео презентирано преку социјалните мрежи на Агенцијата во текот на кампањата, а воедно АВМУ упати дописи до сите радиодифузери со кои го поддржа бесплатното емитување на спотовите подготвени од Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со канцеларијата на UNFPA и со финансиска поддршка од Британската амбасада, како кампања од јавен интерес за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол? Да**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси ДА**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

| Структура на вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по пол и звање за 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| Звање | **мажи** | **жени** | **Број на вработени** |
| Член/ка на Советот на АВМУ | 3 | 4 | 7 |
| Директор | 1 | / | 1 |
| Раководител/ка на Сектор | 2 | 4 | 6 |
| Помошник раководител/ка на сектор | 1 | 4 | 5 |
| Раководител/ка на служба | / | 1 | 1 |
| Раководител/ка на одделение | 7 | 5 | 12 |
| Виш/а соработник/чка | 5 | 8 | 13 |
| Соработник/чка | 3 | 5 | 8 |
| Помлад/а соработник/чка | / | 2 | 2 |
| Виш/а референт/ка | / | 2 | 2 |
| Референт/ка | / | / | / |
| Помлад/а референт/ка | / | / | / |
| Работник/чка во кујна; возач/ка; доставувач/ка; работник/чка на пријавница и домар/ка | 2 | 3 | 5 |
| Вкупно | 24 | 38 | 62 |

На 3 јули 2025 се одржа конститутивна седница на новиот состав на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Новите членовите беа именувани од страна на Собранието на 24 јуни 2025 година и ова е првпат, во Советот да има повеќе жени отколку мажи: четири жени и тројца мажи. Исто така, за првпат беше избрана заменичка - претседателка на Советот.

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**

## 5. ОБВРСКИ

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**

Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот
Специфична цел 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот
Резултат 2.4.4. Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите
Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет
Специфична цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост
Резултати 3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги
3.2.5.Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности

Агенцијата, ги има предвидено своите активности во Оперативниот план за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027.

**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**

Активностите кои беа предвидени со планот се реализирани, а анализата за родот и медиумите за 2025 ќе биде завршена во текот на 2026 поради тоа што примерокот се содржини/програми кои беа емитувани на Локалните избори што се одржаа во октомври 2025.

**б) Реализирани активности**

1. Анализата „Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии" за 2024 година беше завршена, презентирана на вториот Јавен состанок на АВМУ што се одржа на 24 јуни 2025 година, беше објавена онлајн, отпечатена и доставена до Собранието и до МСПДМ и сублимат беше преведен на албански и на англиски јазик.

2. Во 2025 беа објавени податоците за структурата на вработените во ТВ и РА за 2024 година – заедно со родово разделени податоци по пол, во рамки на публикацијата на АВМУ Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година).

3. На www.rodotimediumite.mk беа поставени сите материјали од кампањата „Не биди нем сведок", видеа на македонски, албански, ромски и турски јазик, кои Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со канцеларијата на UNFPA и со финансиска поддршка на Амбасадата на Велика Британија, ги подготви во рамки на кампањата за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство. Видео спотовите од кампањата беа испратени до сите радиодифузери со препорака за емитување. Воедно Агенцијата ги постави кусите спотови на ФБ и на Јутјуб на АВМУ, како и на ФБ и Инстаграм на Мрежата.

4. АВМУ се приклучи кон кампањата на Организацијата на Обединетите нации (ООН) во земјава „Шеснаесет дена активизам против родово базирано насилство 2025" и со објава на други материјали видео во кое беа претставени клучните наоди од анализата „Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии".

5. Во 2025 година, до Агенцијата не беа поднесени претставки кои се однесуваат на родовите прашања во медиумите, или претставки за дискриминација или пак за говор на омраза врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет или припадност на маргинализирана

група. Ова може да се толкува како воспоставен повисок степен на професионална пракса на медиумите во третманот на родовите прашања.

**в) Индикатори за мерење успешност**

Индикаторите се однесуваат на:

- Родоворазделени податоци за сопственици/чки на ТВ и радиостаници, по пол и по сопственииштво; уредници/чки и директор(к)и на медиуми, како и на родовата структура на вработените по различни позиции;
- Податоци за застапеност на теми од родова еднаквост и различности во медиумски содржини;
- Застапеност на жени соговорнички во ТВ-емисии;
- Примена на меѓународни стандарди за борба против сексизам во мерки и политики;
- Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области;
- Број на опомени/реакции во медиуми;
- Број на обуки на медиумските работници/чки во однос на родовите стереотипи, по пол;
- Број на поднесени претставки за дискриминаторска содржина во медиумите.

**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Од буџетот за 2024 беа предвидени 650.000 денари за истражувањето за родот и медиумите во 2024 година, кое беше завршено до средината на април 2025 година, овие средства, префрлени од 2024 се реализирани во 2025 година.

Анализата која ја направи агенцијата Маркет вижн, ангажирана по спроведена постапка за јавна набавка. За активности поврзани со оваа анализа беа потрошени вкупно: 484.149,00 денари, и тоа:

- За изработката на анализата - 382.910,00 денари;
- За печатењето - 60.607 денари;
- За превод - 40.032 денари
- За ЦИП записот - 600 денари.

Одржувањето на веб страницата www.rodotimediumite.mk, која служи како ресурсен центар на кој медиумите и граѓан(к)ите можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, се финансира од буџетот на АВМУ преку општата ставка за годишната јавна набавка за одржување на 4-те веб страници на Агенцијата, така што не може да се издвои посебно колкава е сумата за оваа веб страница.

Подготовката на анализата за структурата на вработените во ТВ и РА за 2024 година – заедно со родово разделени податоци по пол беше реализирана од вработените во Агенцијата во рамките на редовните активности и беше финансирана од буџетот на регулаторното тело преку нивните плати.

Агенцијата, и во 2025 година континуирано објавуваше релевантни документи за родовите прашања и за начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, ресурси и настани на веб страницата на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на www.rodotimediumite.mk која служи како ресурсен центар за медиумите и граѓаните/ките, каде што можат да најдат информации и линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родовозаснованото насилство. За оваа намена беа потрошени вкупно: 47.300,00 денари: околу 42.000,00 денари за хостинг на веб страницата и 5.300,00 денари за одржување на веб страницата

5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?

Да

5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?

Дали тие во обуките се јавиле како:

а) **координаторка за еднакви можности**

Менторска работилница за родово одговорно буџетирање што ја организираше Министерството за социјална политика, демографија и млади (ноември 2025) – слушателка.

б) **заменик - координатор за еднакви можности**

Менторска работилница за родово одговорно буџетирање што ја организираше Министерството за социјална политика, демографија и млади (ноември 2025): Основи и рамки на родовата перспектива во стратешко планирање – слушател.

Менторска работилница: „Вовед во следење и евалуација на родово одговорни политики" што ја организираше Министерството за социјална политика, демографија и млади, која се одржа во декември 2025 г – слушател.

5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:

а) **координаторка за еднакви можности**

- EU Directives – Main Requirements and effective Implementation (June 2016)
- Gender Equality – Key Concepts and the Relevance to the work of Ministries (June 2016)
- Основна обука за родова сензибилизација, посебна обука за Стручната служба на АВМУ одржана од Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика (февруари, 2018),
- Обука за изработка на Оперативен план за спроведување на активности од Националниот план за Акција за родова еднаквост 2018-2020 (јуни 2019).
- Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родово базирано насилство во медиумите, проект ЈУФРЕКС2 спроведен од CoE и ЕУ (декември 2020)
- Обука во врска со родово базирано насилство наменета за медиумски професионалци, организирана од ХОПС, Маргини и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство. Обуката се одржа во рамки на проектот „Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV" кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје. (март 2021 година).
- Обука „Родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми" (15.03.2023 до 16.03.2023 година), организирана во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.
- Основна обука за спроведување на родова анализа (за родово одговорно буџетирање) во Охрид (16 до 18 мај 2023 година), организирана од Министерството за труд и социјална политика во рамки на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", имплементиран од „UN Women", со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска
- „Обука за обучувачи за родово одговорно буџетирање" (30 мај до 1 јуни 2023 година),

организирана од Министерството за труд и социјална политика во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

**б) заменик - координатор за еднакви можности**

- EU Directives – Main Requirements and effective Implementation (June 2016)
- Gender Equality – Key Concepts and the Relevance to the work of Ministries (June 2016)
- Основна обука за родова сензибилизација, посебна обука за Стручната служба на АВМУ одржана од Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика (февруари, 2018),
- Обука за родовите аспекти на проценка на влијанието на регулативите. Тренингот беше дел од проектот: „Родово рамноправна ЕУ интеграција? – градење капацитети на женските граѓански организации“, кој е спроведуван од Фондацијата Жена за жена (Фондација Kvinna till Kvinna) и Реактор – Истражување во акција (септември 2019).
- Работилница за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родово базирано насилство во медиумите, проект ЈУФРЕКС2 спроведен од CoE и ЕУ (декември 2020)
- Обука во врска со родово базирано насилство наменета за медиумски професионалци, организирана од ХОПС, Маргини и Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство. Обуката се одржа во рамки на проектот „Different discourse - better reality, Media in combating gender based violence – Strengthening media literacy on GBV“ кој е дел од Регионалната програма на UN Women за елиминација на насилството врз жените, поддржан од Европската унија и канцеларијата на UN Women во Скопје. (март 2021 година).
-Обука „Родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми“ одржана од 15.03.2023 до 16.03.2023 година, организирана во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.
- Основна обука за спроведување на родова анализа (за родово одговорно буџетирање) во Охрид во мај, организирана од Министерството за труд и социјална политика во рамки на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од „UN Women“, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашето ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:**

На различните настани учествуваат различни колеги/колешки кои потоа споделуваат информации од настаните.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

/

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**

/

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

Главен предизвик е незаинтересираноста кај медиумите и медиумските работници, без оглед на полот и позицијата/функцијата.

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

Родовите прашања ги презентираме на состаноци на кои има повеќе теми или организираме настани заедно со други субјекти или настани поврзани со медиумска писменост за да ги привлечеме медиумите.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

Види одговор под 6.2

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Во јуни се очекува да биде завршено и промовирано истражувањето за родот во медиумите во 2025: кое ќе обезбеди податоци за родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во ППР спотовите и во вестите во текот на првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025

Ќе започне спроведувањето на истражувањето за родот во медиумите во 2026 година;

Ќе се објават родоворазделени податоци за сопственииштвото и структурата на вработените во 2025 година.

Редовно ќе се одржува веб страницата www.rodotimediumite.mk

## ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост

/

б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми

/